







Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

# ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ БИТОЛА

ФАМИС
БИТОЛА

Издавач: Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола
декан, проф. д-р Виолета Пановска-Бошкоска

Подготовка на текст:
д-р Мери Бошкоска
м-р Наташа Трајкова

Компјутерска обработка
Милчо Присаѓанец

Печати: Киро Дандаро - Битола
Тираж: 1000
Битола, 2011 година

# Драги студенти,



Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи ја остварува својата образовна и научно-истражувачка дејност во две области – администрација и менаџмент на информациски системи. Во рамките на овие области Факултетот нуди пет студиски програми чии вредности се дефинирани во факултетската мисија која што се состои во генерирање на знаења, способности и вештини за студентите кои ќе се профилираат во успешни менаџери на информациски системи, проектни менаџери и администратори со политички, правни и организациски компетенции што гарантираат успешна професионална кариера.

Изборот на видот на факултетско образование е најзначајната одлука за секој човек кој сериозно размислува за својата иднина. Секој млад човек со право си го поставува прашањето каде да го продолжи своето академско образование? Изборот, по правило, се прави врз основа на студиската програмска понуда и квалитетот на наставниот кадар.

Студиските програми на ФАМИС го содржат најдоброто знаење од европскиот образовен систем согласно Болоњската декларација кое го презентираат академски кадри со огромно професионално искуство. Студиските програми во областа на менаџментот на информациски системи (Менаџмент на информациски системи, Инженерство и менаџмент на софтверски апликации и Информациски системи во здравство) се засновани врз изучување на менаџерски, информациски и компјутерски дисциплини коишто ќе ви овозможат успешно да го практицирате менаџментот преку користење на информатика и компјутери во организациите од приватниот и јавниот сектор.

Студентите кои ќе дипломираат на оваа област ќе се стекнат со специјализирани профил

со заокружено знаење подготвени да менаџираат со информациските, човечките и финансиските ресурси во приватните и јавните организации, во сопствени фирми и консултантски агенции. Добиените квалификации ќе ги оспособат за истражување, анализи и компјутерска обработка на податоци,  графичко дизајнирање на web страни, изработка на софтверски програми за маркетинг менаџмент, финансиски менаџмент, менаџмент со човечки ресурси и слично.

Разбирањето на процесот на менаџмент комбинирано со потребните компјутерски вештини и способности ќе им овозможи на дипломираните студенти сигурно да зачекорат во светот на бизнисот и успешно да менаџираат и со предизвиците во организациите во јавниот сектор.

Студиската програма по Европски интеграции и менаџирање на европски проекти профилира кадри кои ќе го помогнат процесот на интеграција на Република Македонија во ЕУ преку следење на отворените можности за пристап до различни европски фондови, програми и менаџирање со проекти.

Студентите кои ќе дипломираат на оваа студиска програма ќе се стекнат со специјализирани профил на знаење и способности подготвени да работат како проектни менаџери во државни и јавни институции, фондови, влада, министерства, приватни претпријатија, во сопствени консултантски фирми и агенции и друго. За постигнување на овие резултати посветено работат 28 реномирани професори, доценти и асистенти и административен персонал вработени на Факултетот, а во процесот се вклучени професори со огромно искуство од универзитетите од Македонија и од странски универзитети.

Вашиот избор и довербата што ќе ни ја дадете, за нас, претставува обврска и грижа за вашето стручно академско оспособување во препознатливи кадри кои, со своето знаење, способности и вештини ќе можат успешно да се вклучат во професионалните текови на вашиот живот.

Декан,
Проф.д-р Виолета Пановска-Бошкоска

# ПОБЛИСКУ ЗА ФАМИС

## Образовна понуда

Доколку сте мотивирани, спремни за ново знаење и доколку сакате да се разликувате од другите во вашето окружување можете да ги комплетирате вашите студии од прв и втор циклус.

Во рамките на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи се реализираат следниве студиски програми од прв циклус универзитетски студии:

- Менаџмент на информациски системи
- Европски интеграции и менаџирање на европски проекти
- Инженерство и менаџмент на софтверски апликации
- Информациски системи во здравството

Со универзитетските студии од втор циклус, студентот се воведува во методите на научноистражувачката работа, односно се стекнува со специјализирани и продлабочени знаења од определена научна област.



На ФАМИС се организираат следниве студии од втор циклус:

- Јавна администрација
- Менаџмент на информациски системи
- Европски интеграции и менаџирање на европски проекти
- Инженерство и менаџмент на софтверски апликации
- Информациски системи во здравството



За да бидете успешна личност ви е потребна диплома и знаење, но исто така и други дополнителни активности. Мојот Факултет ми даде можност да бидам активна и надвор од студиската програма и да го зборгатам моето CV со членство во дебатниот клуб ФАМИС, бројни натпревари и обуки. Со ова убедливо успевам во градењето на својата сигурна иднина.

Викторија Маневска
генерација 2009

## Современ профил на кадри

Понудените студиски програми на ФАМИС се дизајнирани врз научна и стручна основа со цел да резултираат во современ профил на кадри кои што ќе можат успешно да се носат со предизвиците со кои се соочуваат институциите во државниот и јавниот сектор, како и организациите во бизнис секторот.

Структурата на студиските програми е дизајнирана според принципите и стандардите на Болоњскиот процес кој претставува современ европски концепт на студирање (ЕКТС, задолжителни и изборни кредити, интерактивна настава, континуирано оценување, мобилност на студенти, практична работа, предавања од страна на експерти во дадените области).

Студентите, на крајот на студиите, односно со исполнување на бараните минимум 180 кредити на студиската програма по **Менаџмент на информациски системи** се стекнуваат со диплома дипломиран менаџер на информациски системи. После стекнувањето на оваа диплома студентите можат да продолжат со студиите на втор циклус со што си обезбедуваат дополнителни 120 кредити и се стекнуваат со диплома магистер по менаџмент на информациски системи.



Заради карактерот на профилот на идниот менаџер по информациски системи, во програмата преовладуваат дисциплини од областа на менаџментот, како и предмети од областа на информатиката, а во помал процент се застапени

економски и правни дисциплини, како и странски јазици. Покрај предмети кои обезбедуваат општо и специјализирано знаење, во студиската програма се содржани и изборни предмети кои овозможуваат стекнување на знаења и обезбедување на вештини за полесно вработување на студентите.

После завршувањето на овие студии, студентите имаат можност да станат менаџери, иновативни бизнис лидери, системски аналитичари, проектни менаџери, консултанти и претприемачи. Во областа на бизнисот и јавниот сектор можат да бидат дел од оделението за информациски системи обезбедувајќи информации за менаџментот, да бидат софтверски и графички дизајнери или дел од традиционалните бизнис подрачја, како што се: финансии, маркетинг, инвестиции и развој, производство и др.

Студиската програма по **Европски интеграции и менаџирање на европски проекти** е дизајнирана да профилира кадри кои ќе бидат способни да ги искористат сите расположливи европски проекти и фондови за развој на приоритетните области на државата, како што се: подобрување на капацитетот на јавната администрација, руралниот развој, развој на пазарот на труд и зголемување на вработеноста, развој на мали бизниси и сл. Студентите ќе се стекнат со експертиза да истражуваат, донесуваат и менаџираат проекти кои финансиски ќе го помогнат интегрирањето на Р.Македонија во ЕУ. Тие ќе можат да бидат вклучени во процесот на европска интеграција во државните служби и другите државни институции, но и да го помогнат развојот на македонските компании. Студентите, со исполнување на бараните 240 кредити, се стекнуваат со диплома дипломиран менаџер по европски интеграции и европски проекти.

Студирањето на оваа студиска програма на втор циклус создава можност за заокружување на знаењето на повисоко научно ниво. После завршувањето на студиите на втор циклус по Европски интеграции и менаџирање на европски проекти студентите обезбедуваат 60 кредити и се стекнуваат со диплома магистер по европски интеграции и европски проекти .

Студентите после комплетирањето на три годишните студии на студиската програма **Информациски системи во здравството** се стекнуваат со диплома дипломиран информатичар по информациски системи во здравството. Развојот на информатичките технологии овозможува информациските системи да станат значаен дел на услугите и менаџментот во различните институции во развиените земји. Денес сме сведоци на големи реформи во здравствениот сектор во Република Македонија. Потребата од оваа студиска програма произлезе од фактот што дел од тие реформи се однесуваат и на примената на информатичките технологии во здравствените институции во земјава. Нивната ефективна и ефикасна употреба е значаен елемент за успешно функционирање на здравствениот сектор.



Дипломираните студенти на оваа студиска програма ќе се стекнат со знаење и вештини за електронско водење на административните постапки и процедури во здравствениот сектор, за структуирање на информациски системи за поддршка на деловниот процес, програмите и плановите со цел подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

Студентите со исполнување на неопходните 180 кредити на студиската програма по **Инженерство и менаџмент на софтверски апликации** се стекнуваат со диплома дипломиран инженер-менаџер на софтверски апликации. Целта на оваа програма е да ги оспособи студентите за работа со документи од аспект на нивна обработка, чување, архивирање, конвертирање во дигитална форма. Студентите имаат можност за самовработување како идни проектанти на компјутерски системи за работа со

документи или да работат во претпријатија и институции, во библиотеки, библиотеки за техничка документација и друго.

Доколку веќе имате дипломирано на овај Факултет или имате диплома од друг факултет, или имате работно искуство во јавниот сектор можите да го продлабочите своето знаење со запишување на вториот циклус универзитетски студии по **Јавна администрација.** Оваа програма ги подготвува студентите за професионалните административни позиции и функции во администрацијата во јавниот, приватниот и непрофитниот сектор.

После завршувањето на оваа студиска програма, студентите обезбедуваат 120 кредити и се стекнуваат со диплома магистер по јавна администрација.

ФАМИС од Битола е уникатна високообразовна институција во нашата држава. Неговата уникатност ја сочинуваат следниве три главни карактеристики:

-студентот, неговите потреби, интереси и барања се во центарот на вниманието;

-во образовниот курикулум се интегрирани наставно–научни програми коишто на студентите им овозможуваат запознавање со современите светски трендови од областа на администрацијата и менаџирањето со информациските системи;

-високо професионален и квалитетен наставно–научен кадар кој креира стимулативна околина за своите студенти, овозможувајќи им развој на нивните знаења, способности и вештини, со единствена цел, студентите да бидат подготвени да го аплицираат своето знаење во сите сфери на општественото живеење.

Јане Мантароски
студент на втор циклус универзитетски студии

## Опременост на Факултетот

За да се прошират постојните можности, Факултетот и Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола инвестираат во објект со 4000 $м^2$ простор лоциран на 50м од студентскиот дом Кочо Рацин во Битола и на 10 минути од центарот на градот.

Објектот ќе располага со три амфитеатри со капацитет од 500 седишта, 10 предавални со капацитет од 400 седишта.

Практичната настава по информатичките предмети ќе се одвива во четири предавални со 25 компјутери и една компјутерска лабораторија со 10 компјутери.

Сите предавални ќе бидат опремени со најсовремена мултимедијална опрема за изведување на наставата.

Во рамките на Факултетот ќе има современа библиотека со читална со капацитет од 30 седишта и 10 компјутери за самостојна работа на студентите.

Факултетот располага со околу 170 компјутери кои ќе бидат поврзани помеѓу себе со гигабитна мрежа и 24 часовен пристап до интернет. Исто така 90% од просторот на Факултетот ќе биде покриен со WiFi мрежа и интернет.

Во рамките на Факултетот ќе има и современа скриптара/книжарница како и студентско бифе.

## Денови за посета на Факултетот

Во претходно утврдени денови во текот на академската година, ФАМИС нуди можност за заинтересираните средношколци и нивните родители да дојдат и да го посетат Факултетот.

Овие денови се, воглавно, наменети за средношколци кои размислуваат каде да го продолжат своето образование. Во рамките на оваа посета тие ќе бидат во можност да се запознаат со нашите сегашни студенти, асистенти и професори, да го посетат компјутерскиот центар, бибилиотеката, амфитеатрите, интернет клубот со цел да стекнат претстава за студентското окружување што ги очекува.



Живееме во динамичен свет во којшто менаџментот и информатиката се неопходни за успехот на секоја организација. Ако сакате да се најдете на местото на коешто вие ќе бидете оној кој ќе одлучува за успехот и иднината на организацијата, тогаш ова е вашата шанса да се стекнете со менаџерско знаење поткрепени со компјутерски вештини.

Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи ви ја нуди оваа можност, заради тоа, тој е вашиот вистински избор.

Борче Тироски
генерација 2009

Денови на кариера ќе се организираат и за претставници од работодавачите кои ќе ги презентираат можностите за вработување пред студентите-апсолвентите.

## Сојуз на студенти

Целта на Сојузот на студенти на ФАМИС во Битола се состои во грижа за студентските права и интереси, подобрување на условите за студирање и грижа за сместување на студентите односно подобрување на студентскиот стандард, воопшто.

Со цел Сојузот да излезе во пресрет на желбите и потребите на студентите истиот се состои од неколку сектори и тоа:

- сектор за студентски стандард;
- сектор за образование и наука
- сектор за спортски активности
- сектор за меѓународна соработка
- сектор за култура
- сектор за невладини организации
- сектор за екологија

Визијата на сојузот на студенти на ФАМИС е создавање силна организација која ќе биде носечка сила на студентското движење во Р.Македонија.

Мисијата на сојузот на студенти може да се согледа во одговорот на следните прашања:

- Зошто постоиме? - заради интерес и заштита на студентските права и интереси;
- Што сакаме? - студент како комплетна индивидуа, свесна за својата позиција во Факултетот, Универзитетот и во општеството;

Како до остварување на целите? - преку постојано залагање за подобар студентски стандард во рамките на постоечките форми на дејствување и постојано надоградување на квалитетот и квантитетот на активностите.



Студирањето на ФАМИС ми ги отвори вратите за студиска мобилност на Факултетот за администрација во Љубљана, а сето тоа придонесе за надоградба на мојата кариера и стекнување на нови знаења и искуства. Исто така, преку Факултетот станав практикант на Бизнис Стартап Центарот во Битола и знаењето кое го стекнав на ФАМИС ми овозможи да продолжам и денес да работам таму. Професорите и асистентите се максимално посветени на студентите, достапни во секое време, секогаш ми помагаат и од нив имам голема поддршка во остварувањето на моите професионални цели и планови.

Елена Стојановска
студент на втор циклус универзитетски студии

## Студентско сместување

Студентите кои доаѓаат од други градови можат да се сместат во Студентскиот дом „Кочо Рацин“ - Битола или во некои од приватните сместувања во градот.

Студентскиот дом е лоциран во комплекс згради во непосредна близина на Факултетот на оддалеченост од околу 50 метри.

Домот располага со вкупно 133 соби со 333 легла. Собите се двокреветни, трокреветни и четирикреветни. Исто така, домот располага со студентска менза, современо опремена кујна, со капацитет од 2.000 оброци дневно и ресторант со 300 седишта.

Во комплексот има повеќе пропратни објекти: сала за културно-забавен живот, спортска сала, објект во кој се сместени читални, интернет кафе, ТВ сала, компјутерска лабораторија, сопствено парно греење, студентска амбулата и колонијални продавници.

Подетални инфомации за пријавувањето и сместувањето, можете да добиете на www.sdkocoracinbitola.org.mk и на следниве телефонски броеви 047/255132; 047/ 255 134





Кога се запишав на ФАМИС очекував од професорите да ни го пренесат нивното знаење на најдобар можен начин и сега, во овој период на студиите, со задоволство можам да кажам дека моите очекувања се остваруваат. Но, исто така, Факултетот ми овозможи и многу други поволности како што е членувањето во дебатниот клуб преку кој учествувам на интернационални натпревари, организирање на работилници и сл.

Друга позитивна страна што би сакала да ја издвојам е тоа што Факултетот ми овозможи да ја искористам студентската мобилност и одреден временски период да студирам на Факултет во странство.

Евгенија Бошкоска
генерација 2009

# СТУДЕНТСКИ ЖИВОТ

## Академски живот




Размислувајќи дали да се запишете и студирате на ФАМИС можеби се прашувате во што се впуштате, каков ќе биде вашиот академски начин на живот.

Свесни сме дека, во моментов, постојат многу неодговорени прашања и многу непотполнети делови во вашето знаење. Без разлика дали се чувствувате самоуверено или сте нервозни и скептични ќе се обидеме да ве обезбедиме со информации за тоа како ќе изгледа вашиот факултетски живот.

## Академски календар

Секоја академска година се состои од два семестри, а секој семестар брои 15 недели. Зимскиот семестар трае од 15 септември до 1 јануари наредната година, а летниот семестар трае од 1 февруари до 15 јуни. Во текот на секој семестар се организираат две колоквиумски недели во кои не се одржува настава и вежби, но само се полагаат колоквиумите (континуирано испитување).

Редовните испитни сесии за студентите кои не се јавиле на колоквиумското оценување се организираат во: јуни, септември, ноември, февруари и април.

Во текот на годината постои зимски и летен распуст. Зимскиот распуст трае еден месец, почнувајќи од 1 јануари до 1 февруари. Летниот распуст почнува од 15 јуни до 15 септември.

# ЗАБАВЕН И КУЛТУРЕН ЖИВОТ

Целокупнот ангажман поврзан со студирањето може да биде напорен. Затоа во моментите на одмор, ќе бидете задоволни со сета забава и интересни и поучни содржини кои Битола може да ги понуди во текот на целата година.

## Ноќен живот

Студирањето во Битола е забавно ако се има предвид бројот на кафулиња и ноќни барови кои ви стојат на располагање за дружење и забава во слободното време. Може да се каже дека Битола е најбоемскиот град во Македонија познат по традицијата на „попладневно кафе“ на Широк Сокак и по долгите и луди журки во викендите. Најзначајните места за „излегување“ се наоѓаат на главната улица „Маршал Тито„ (Широк Сокак), а исто така, тука се и ноќните барови како Инфинити, Позитив, Расчекор кои работат до раните утрински часови.



## Shopping

Главните бутици и продавници на големите синџири како Terra Nova, Happening, Bozinovski, Vasidora се наоѓаат на главната улица Маршал Тито. Други луксузни продавници, златари, бижутерии и слично ќе најдете во Старата Битолска Чаршија.

## Пелистер

Уште едно место кое секако треба да го посетите е Пелистер кој е оддалечен околу 20 км. од Битола. Перфектно место да вдишете чист планински воздух и да уживате во надалеку познатиот ендемски бор Молика. Тука, после пешачењето по бројните пешачки патеки, ќе можете да се одморите во убавите хотели и мотели и да се напиете природен планински чај. Во зимскиот период, Пелистер станува вистинска зимска убавица која на белите падини собира голем број скијачи и туристи.



## Градски парк и Зоолошка градина

Градскиот парк е сместен во центарот на Битола по завршетокот на Широк сокак. Покрај убавата природа, воздух и тишина, паркот во активниот дел нуди забава, лизгалиште во зимскиот период, дел за забава на деца, како и дел со мали продавници и сендвичари. Во утринските часови, паркот е прекрасно место за рекреациија и утрински вежби. Во продолжение на паркот, на Тумбе Кафе е сместена и Зоолошката градина која изобилува со егзотични животни како и трим патеката за посериозните рекреативци.

## Кино

Најголемата кино сала во Битола е сместена во Домот на Културата, во центарот на градот. Тука се прикажуваат најновите филмски остварувања, а цените на билетите се релативно ниски и достапни за студентскиот буџет. Покрај тоа, во летниот период често се организираат проекции на отворено на различни локации.

## Театар

Народниот театар е сместен во срцето на Битола, во зградата на Домот на Културата. Тетарот нуди разновидна и популарна програма на театарски претстави, опери, музикли, балети, кои најчесто доаѓаат од центри од земјата и странство. Сепак, во програмата на народниот театар најзабележителни се театарските остварувања на артистите од Битолскиот ансамбл кој важи за еден од најдобрите и најреномираните во земјата.

## Хераклеа



Доколку студирате во Битола, неодложно треба да го посетите стариот антички град Хераклеа изграден во 5 век пред нашата ера по налог на Филип II Македонски, таткото на Александар Македонски. Тука ќе се запознаете со подалечната историја како и со сите достигнувања во архитектурата и уметноста на Античките Македонци со Амфитеатарот, базиликите како и прекрасните мозаици кои се вечни сведоштва за необичната историја на овој регион.

## Галерии и Завод музеј

Ликовните и склуптурните изложби најчесто се поставуваат во Јани Џамијата, наспроти Саат Кулата во центарот на градот или во малата интимна Галерија, наспроти Безистенот. Заедно со постојните историски поставки се поставуваат и нови во Завод музеј сместен во близина на Градскиот Парк.

## Библиотеки

Народната универзитетска библиотека во Битола е сместена на 5 минути од центарот на градот. Изобилува со богат библиотечен фонд на книги од различни области. Покрај тоа значајно е да се спомене дека оваа библиотека има обезбедено web услуги како што се интернет пребарување и резервација на книги. Покрај оваа библиотека секој одделен факултет, па дури и секое средно и основно училиште во градот располога со определена специфична литература која може да ви користи.

## Културни манифестации



Битола е наделеку позната по своето културно минато. Традицијата денес е збогатена со неколку значајни културни манифестации, како што се:

Манаки фестивалот на филмската камера кој се одржува во есенскиот период и собира најиманентни филмски остварувања и работници од целиот свет.

Интерфест  фестивал на сериозна музика кој се одржува во летниот период и нуди концерти и семинари на познати светски музички имиња.

Културно битолско лето опфаќа разновиден спектрум од случувања како концерти на забавна музика, опери, театраски претстави, изложби и хепенинзи од различен карактер.

Денови на Пролетта е најчесто ден во кој Младинскиот културен центар организира улични изведби и постановки од авангарден карактер. Најчесто овој настан собира млади луѓе од целиот свет кои се забавуваат на улиците на Битола.

Илинденски денови е меѓународна манифестација која се одржува во август, а е посветена на фолклорот и народните танци.

# КАКО ДА СТИГНЕТЕ ДО ФАМИС?




ул. Партизанска, бб; 7000 Битола
тел. +389 47 259 923;47 259 921
факс. +389 47 259 917
e-mail: *info@famis.edu.mk*

ФАМИС
БИТОЛА